КЛИРИНШКА КУЌА
КЛИРИНШКИ
ИНТЕРБАНКАРСКИ
СИСТЕМИ АД, СКОПЈЕ

# Општа политика на приватност, други правила и услови

# при давање на електронски услуги

## Содржина

1. Вовед........................................................................................................................ 3
2. Документи кои се објавуваат ......................................................................................... 3
2.1. Лични податоци.............................................................................................................. 3
2.2. Веб-колачиња .................................................................................................................. 4
2.3. Услови за користење, Правила и услови ........................................................................ 4
2.4. Објава за појаснување...................................................................................................... 4
2.5. Претплатнички договор, договор со засегнатата страна ............................................... 4
3. Начин на публикување ................................................................................................... 4
4. Поврзани документи ...................................................................................................... 4
5. Завршен дел.................................................................................................................... 4

# 1. Вовед

КИБС АД Скопје (КИБС) голем дел од своето работење го промовира и спроведува со користење на интернет како медиум за контакт со своите клиенти. За спроведување на работењето преку интернет КИБС подготвува различни веб страници поврзани за различни услуги. Поради различноста на услугите и проблематиката кои тие ја обработуваат постои потреба да се подготват различни по содржина документи кои согласно стандардите за давање online услуги мора да бидат дел од веб страниците.

# 2. Документи кои се објавуваат

## 2.1. Лични податоци

Со цел да обезбеди високо ниво на заштита на личните податоци што ги собира и обработува, КИБС посветува големо внимание на заштитата на личните податоци во сите свои деловни процеси, имплементирајќи ги на највисоко ниво позитивните законски одредби за заштита на личните податоци во Република Македонија и стандардите кои постојат во рамките на Европската Унија.

Посебно внимание се посветува да се заштити приватноста на клиентите при користење на интернет пристапот до нашите услуги.

Помеѓу другото, ова значи дека интернет страните до кои пристап имаат нашите клиенти треба да содржат информации кои лични податоци ги собираме за нив и за кои цели. Прибирањето податоци од нашите клиенти се прави со нивна согласност со цел да бидат обработувани или објавувани за наведените цели. Кон личните податоци кои се собираат припаѓа и адресата (IP адресата) на клиентот. Интернетот како медиум е таков да пасивно и активно овозможува собирање на податоци за навиките на корисниците на интернет, кои се идентификуваат преку нивните адреси. IP адресата сама по себе не е доволна за да се идентификува некое лице, но во соработка со обезбедувачите на интернет услуги може да се открие за кој точно станува збор. Поради тоа IP адресата се смета за личен податок и се штити со закон.

Личните податоци на нашите клиенти кои ги посетуваат нашите интернет страници, се достапни на нашите вработените и тоа само заради точна наведена цел. Вработените во КИБС се обврзани да ги чуваат во тајност сите информации (вклучително и личните податоци) до кои ќе дојдат за време на извршувањето на нивните работни задачи.

Од аспект на статистика и безбедност КИБС во својата ИКТ инфраструктура создава евиденција – историја на настани. Овие евиденции се статистички показатели кои ги користиме единствено заради подобрување на нашата услуга преку нашите веб страници. На овој начин ги следиме навиките и потребите на посетителите на нашата страна, а се со цел да го подобриме нејзиниот квалитет и услугите што ги нудиме.

КИБС не ги користи овие податоци во комбинација со било кои други податоци заради идентификување на одредени лица. Сепак го задржуваме правото да ги прегледаме овие евиденции и да ги користиме податоците запишани во нив од безбедносни причини, како на пример откривање на обиди за упади во ИКТ инфраструктурата на КИБС. Споредување на овие податоци со податоците кои ги имаат обезбедувачите на интернет услугите (преку користење на IP адресата) можат да не донесат до оној кој прави напор или неовластено влегол во нашиот систем.

### 2.2. Веб-колачиња

Веб-колачињата се мали текстуални фајлови кои се снимаат на компјутерот на клиентот заради следење и/или подобрување на перцепцијата на клиентот за веб страните кои ги посетува, а се во сопственост на КИБС.

### 2.3. Услови за користење, Правила и услови

Целта на документите со наслови како: Условите за користење (Terms of Use) или Правила и услови (Terms and Conditions) на секоја наша online услуга е да ги постави правилата кои нашите корисници на услуги мора да се согласат за да ја користат услугата користејќи го нашиот веб-сајт, мобилна апликација, веб сервис, API итн.

### 2.4. Објава за појаснување

Објавата за појаснување е форма на изјава која ги открива информациите на едноставен пишан јазик, што лесно се разбира. Информациите содржани во оваа изјава може да бидат релевантни и важни за крајниот корисник на едноставен јазик разбере каква услуга ќе користи. Објавата за појаснување се користи во широк спектар на контексти.

### 2.5. Претплатнички договор, договор со засегнатата страна

Претплатничкиот договор и/или договорот со засегнатата страна е online објавен договор помеѓу КИБС како давател на услуга и корисникот на услугата односно оној кој се потпира на информации кои произлегуваат од услугата за секоја електронска услуга објавена на веб порталите на КИБС. Договорната страна која на било кој начин ја користи електронската услуга мора да се согласи со содржината на текстот на договорот пред да почне со користење на услугата.

## 3. Начин на публикување

Зависно од типот на услугата која се нуди online (на веб-страниците, преносните уреди и т.н.) КИБС подготвува различни документите чиј краток опис беше претходно наведен. Овие документи се дел од оваа општа Политика во облик на формулари со свои специфични записи.

КИБС има право да врши измена на документите. За измените КИБС ги информира своите клиенти.

## 4. Поврзани документи

- 4-11.66-01 Правила и услови
- 4-11.66-02 Објава за појаснување
- 4-11.66-03 Услови за користење
- 4-11.66-04 Политика за приватност
- 4-11.66-05 Политика на користење веб-колачиња
- 4-11.66-06 Претплатнички договор / Договор со засегната страна

## 5. Завршен дел

Овој документ влегува во сила со денот на донесувањето.

Генерален директор

Горан Анастасовски, с.р.